**Јавно радиодифузно претпријатие**
**МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА**
**Скопје**

# *ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ*

**за годината завршена на 31 декември 2014**

**со**

# *ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР*

**СОДРЖИНА**

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР .......... 3

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА .......... 7

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА .......... 8

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА .......... 9

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ .......... 10

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ .......... 11

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ВО 2014 ГОДИНА 33

Друштво за ревизија ЦЕНСУМ ДООЕЛ Скопје

Ул. Даме Груев бр.8, 5ти кат
Дом на воените инвалиди
+389 (0)2 3233 301 Т
+389 (0)2 3233 302
+389 (0)2 3216 186 Ф
censum@censum.com.mk
www.censum.com.mk

ЕМБС: 5921333
ДДВ број: MK4030004526679
Денарска сметка: 210-0592133301-68
Девизна сметка: 00-701-0003966.2
IBAN: MK 07 210-3000003149-21
SWIFT: TUTNMK22
Банка: НЛБ Тутунска банка АД Скопје



# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје**

## *Извештај за финансиските извештаи*

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје (Друштвото) коишто го вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2014 како и извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината којашто завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и

проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење со резерва.

*Основа за мислење со резерва*

1. Ние бевме назначени за ревизори на Друштвото по 31 декември 2014 и не бевме во можност да го набљудуваме физичкиот попис на залихите и на постојаните средства на 31 декември 2014 година. Ние не бевме во состојба да се увериме во однос на количествата на залиха и на постојаните средства на тој датум.

2. Документацијата за сопственоста на земјиштето и на деловните згради на ЈРП МРТ е во постапки за кои не поседуваме комплетни информации. Градежното земјиште на кое се изградени зградите на ЈРП МРТ се води во сметководствената евиденција со вкупна сметководствена вредност од 168.986 илјади денари. За истото ЈРП МРТ нема право на сопственост. За 22-катната телевизиска зграда (Кеј Димитар Влахов бб, зграда 3, ИЛ 9157, КО Центар 1) со повеќе одлуки на Владата на РМ е утврдено престанување на правото на користење на ЈРП МРТ. По таа одлука зградата е отстранета од сметководствената евиденција. Делови од истата се дадени на користење на министерства и други јавни установи, но тоа во повеќе случаи не е регулирано во катастар. Во сегашниот имотен лист (ИЛ 9157, КО Центар 1), во кој покрај наведената зграда се и другите две згради, за кои до сега не се поставуваше прашање дека се сопственост на ЈРП МРТ (згради 1 и 2), сега во графа сопственик се појавува Република Македонија. По кажување на раководството регулирањето на имотно - правните односи е во тек. Напоменуваме дека во истиот имотен лист е заведено право на залог

(хипотека) на зграда 1 и дел од зграда 2, дадено на Комерцијална банка АД Скопје.

3. На сметка Основни средства во подготовка се наоѓа опрема набавена во 2008 година од Друштвото за аудио видео инжинеринг ТСЕ ДОО Скопје во износ од 36.058 илјади денари. Опремата не е активирана сметководствено. Опремата е со намалена функционална употребна вредност и поради тоа истата треба да биде обезвреднета. Ние не бевме во можност да ја утврдиме реалната вредност на оваа позиција. (МСС 16 Недвижности, постројки и опрема; МСС 36 Обезвреднување на средства)

4. За обврската спрема ТСЕ ДОО Скопје (за опремата наведена погоре) е водена судска постапка за која е добиена пресуда од Апелационен суд, кој пресудил во корист на ТСЕ. За постапката преземен е правен лек и истата е во постапка на ревизија пред Врховен суд. Паралелно, во 2015 година започната е извршна постапка. За износот од 19.808 илјади денари за неискористено рекламно време, како и за износот на каматите на обврските, ЈРП МРТ требало да признае резервирање во финансиските извештаи. (МСС 37 Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства)

5. Како што се гледа во Белешка 13, точка 7 и 8, против ЈРП МРТ се покренати тужби од страна на Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи „ММИ" (Македонска музичка индустрија) Скопје (во понатамошниот текст ММИ) за побарување за износи наведени во табелата. ЈРП МРТ требало да признае резервирање во финансиските извештаи за тие износи. (МСС 37 Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства)

   Судската постапка е во тек, а нејзиниот исход е неизвесен. Поради тоа ние не можеме да го оцениме можниот ефект на оваа ставка на финансиските извештаи.

6. Во билансите на ЈРП МРТ се води побарување од ТАРБС во износ 37.656 илјади денари. Побарувањето е врз основа на фактура од 2007 година. Овој износ беше вклучен во судска постапка. Судската постапка е завршена со пресуда во корист на ЈРП МРТ во мај 2012 година. Од страна на адвокатско друштво преземени се мерки за наплата на побарувањето. Наплатата на овој износ е неизвесна, а побарувањето требало да биде соодветно обезвреднето.

Друштво за ревизија ЦЕНСУМ ДООЕЛ Скопје

Ул. Даме Груев бр.8, 5ти кат
Дом на воените инвалиди
+389 (0)2 3233 301 Т
+389 (0)2 3233 302
+389 (0)2 3216 186 Ф
censum@censum.com.mk
www.censum.com.mk

ЕМБС: 5921333
ДДВ број: MK4030004526679
Денарска сметка: 210-0592133301-68
Девизна сметка: 00-701-0003966.2
IBAN: MK 07 210-3000003149-21
SWIFT: TUTNMK22
Банка: НЛБ Тутунска банка АД Скопје

*Кореспондентен член на мрежата на ревизорски друштва **PCM***

До издавање на ревизорското мислење нема промени за овој предмет. (МСС 36 Обезвреднување на средства)

### *Мислење со резерва*

Според нашето мислење, освен за можните ефекти од прашањата на кои се укажува во пасусот Основа за мислење со резерва, финансиските извештаи ја презентираат објективно, во сите материјални аспекти финансиската состојба на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје заклучно со 31 декември 2014 година, како и на нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

## *Извештај за други правни и регулативни барања*

Менаџментот на Друштвото е одговорен за подготвувањето на годишниот извештај за работа во согласност со член 106 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

### *Мислење*

Според нашето мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје за 2014 година.

*Скопје, 31.03.2015*

Овластен ревизор
Стојан Јорданов

Друштво за ревизија
ЦЕНСУМ ДООЕЛ Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

| *(во илјади денари)* | Белешка | Година завршена на 31-дек 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | **1.315.736** | **1.518.700** |
| Приходи од продажба | 4 | 865.453 | 944.290 |
| Останати приходи | 7 | 450.283 | 574.410 |
| **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | **(1.229.954)** | **(1.426.325)** |
| Расходи на продадени добра и услуги | 5 | - | - |
| Трошоци на продажба и администрација | 6 | (947.638) | (997.684) |
| Останати оперативни расходи | 7,1 | (282.316) | (428.641) |
| **Финансиски приходи** | 8 | **10.600** | **9.132** |
| **Финансиски расходи** | 8.1 | **(47.872)** | **(30.139)** |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | | **48.510** | **71.368** |
| Данок на добивка | | (5.498) | (40.377) |
| **Нето добивка/(загуба) за финансиска година** | | **43.012** | **30.991** |
| Останата сеопфатна добивка | | - | 137.073 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | **43.012** | **168.064** |

Заменик извршен директор ___________________

Извршен директор ___________________

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

| | | Година завршена на 31-дек | |
|---|---|---|---|
| *(во илјади денари)* | Белешка | **2014** | **2013** |
| ***СРЕДСТВА*** | | | |
| **Долгорочни средства** | | **783.731** | **835.989** |
| Нематеријални средства | 9.1 | - | - |
| Материјални средства | 9.2 | 782.722 | 834.980 |
| Вложувања во недвижности | 9.3 | - | - |
| Долгорочни финансиски средства | 9.4 | 1.009 | 1.009 |
| Долгорочни побарувања | 9.5 | - | - |
| Одложени даночни средства | 9.6 | - | - |
| **Тековни средства** | | **981.059** | **1.041.975** |
| Залихи | 10.1 | 10.658 | 9.891 |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба | 10.2 | - | - |
| Побарувања од поврзани друштва | 10.3 | 5.724 | 6.555 |
| Побарувања од купувачите | 10.4 | 779.644 | 776.900 |
| Побарувања од државата | 10.5 | 105 | 105 |
| Побарувања од вработените | 10.6 | 439 | 3.239 |
| Останати краткорочни побарувања | 10.7 | 15.332 | 10.277 |
| Краткорочни финансиски средства | 10.8 | - | - |
| Парични средства | 10.9 | 7.734 | 74.077 |
| Однапред платени трошоци | 10.10 | 161.423 | 160.931 |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | **1.764.790** | **1.877.964** |
| ***КАПИТАЛ И ОБВРСКИ*** | | | |
| **Капитал и резерви** | | **341.416** | **299.471** |
| Капитал на содружниците | | 421.156 | 421.237 |
| Ревалоризациони резерви | | - | - |
| Законски резерви | | - | - |
| Акумулирана добивка/(загуба) | | (122.752) | (152.757) |
| Добивка/(Загуба) за тековна година | | 43.012 | 30.991 |
| **Долгорочни обврски** | | **586.555** | **552.364** |
| Долгорочни резервирања | 11.1 | - | - |
| Долгорочни обврски | 11.2 | 586.555 | 552.364 |
| Одложени даночни обврски | 11.3 | - | - |
| **Тековни обврски** | | **836.819** | **1.026.129** |
| Обврски кон поврзани друштва | 12.1 | 1.097 | 577 |
| Обврски кон добавувачите | 12.2 | 540.678 | 691.627 |
| Обврски кон државата | 10.5 | 169.731 | 97.440 |
| Обврски кон вработените | 12.3 | 23.208 | 21.352 |
| Останати краткорочни обврски | 12.4 | 11.595 | 3.984 |
| Краткорочни финансиски обврски | 12.5 | 76.583 | 166.614 |
| Однапред пресметани обврски | 12.6 | 13.927 | 44.535 |
| ***ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ*** | | **1.764.790** | **1.877.964** |

Заменик извршен директор ___________________

Извршен директор ___________________

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА

| *(во илјади денари)* | Капитал | Ревалоризациони резерви | Акумулирана добивка/ (загуба) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| ***2013*** | | | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **421.271** | **137.073** | **(289.830)** | **268.514** |
| Фонд за солидарност | **(34)** | | | |
| Корекција на резултатот од претходни години | | (137.073) | 137.073 | - |
| Нето добивка/загуба за годината | | | 30.991 | 30.991 |
| **Состојба на 31 декември** | **421.237** | **-** | **(121.766)** | **299.471** |
| ***2014*** | | | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **421.237** | **-** | **(121.766)** | **299.471** |
| Фонд за солидарност | (81) | | | (81) |
| Корекција на резултатот од претходни години | | | (986) | (986) |
| Нето добивка/загуба за годината | | | 43.012 | 43.012 |
| **Состојба на 31 декември** | **421.156** | **-** | **(79.740)** | **341.416** |

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

| | *(во илјади денари)* | | 2014 |
|---|---|---|---|
| **А** | **Парични текови од оперативни активности** | | |
| | **Нето добивка по оданочување** | **43.012** | |
| | Усогласувања за: | | |
| | Амортизација | 66.819 | |
| | Вредносно усогласување на побарувања | 186.611 | |
| | Отпис на обврски | (11.358) | |
| | Кусоци | 162 | |
| | Приходи/расходи за камати, нето | 37.272 | |
| | **Оперативна добивка пред промени во обртниот капитал** | **322.518** | |
| | Намалување/(Зголемување) на залихите | (929) | |
| | Намалување/(Зголемување) на побарувања од поврзани друштв | 831 | |
| | Намалување/(Зголемување) на побарувања од купувачите | (189.355) | |
| | Намалување/(Зголемување) на побарувања од вработените | 2.800 | |
| | Намалување/(Зголемување) на останатите краткорочни побарув | (5.055) | |
| | Намалување/(Зголемување) на АВР | (492) | |
| | Зголемување/(Намалување) на обврските кон поврзани друштва | 510 | |
| | Зголемување/(Намалување) на обврските кон добавувачите | (139.591) | |
| | Зголемување/(Намалување) на обврските кон државата | 72.291 | |
| | Зголемување/(Намалување) на обврските кон вработените | 1.856 | |
| | Зголемување/(Намалување) на останатите краткорочни обврски | 7.611 | |
| | Зголемување/(Намалување) на ПВР | (30.608) | |
| | Парични средства кои произлегуваат од работењето | 42.387 | |
| | **Нето парични текови од оперативни активности** | | **42.387** |
| **Б** | **Парични текови од инвестициони активности** | | |
| | Купување на недвижности, материјални и нематеријални средства | (15.618) | |
| | **Нето парични текови од инвестициони активности** | | **(15.618)** |
| **В** | **Парични текови од финансиски активности** | | |
| | Прилив/(одлив) по основ на долгорочни кредити | 34.191 | |
| | Прилив/(одлив) по основ на краткорочни кредити | (90.031) | |
| | Примени камати | 10.600 | |
| | Платени камати | (47.872) | |
| | **Нето парични текови од финансиски активности** | | **(93.112)** |
| | **Нето зголемување/(намалување) на паричните средства** | | **(66.343)** |
| | **Парични средства на почетокот на годината** | | **74.077** |
| | **Парични средства на крајот на годината** | | **7.734** |
| | | | - |

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1. ОПШТО ЗА ДРУШТВОТО

ЈРП „Македонска радио телевизија“ - Скопје (во понатамошниот текст „МРТ”) е основано со Закон за основање на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија, донесен од Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 21.011998г бр.07-320/1 објавен во(„Сл. весник на РМ” бр.6/98). ЈП ″Македонска радио телевизија″- Скопје е правен следбеник на јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија, организирано со Одлука на Собранието на СРМ бр. 22-1114/1 од 22.03.1990 година.

ЈРП ″Македонска радио телевизија″ - Скопје е запишано во судскиот регистар во Основниот суд Скопје 1 , по Трег. бр. 2128/2000 од 01/06/2000, под шифра на дејност 90.20 - Радио и телевизиски активности. Во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица се води во Централниот регистар на Р.М. како главна приходна шифра е евидентирана 60.20 дејности на телевизиската програма и емитување. Единствен основач на МРТ е Собранието на Република Македонија. Во правниот промет со трети лица МРТ настапува во свое име и за своја сметка, а за преземените обврски одговара со целиот свој имот.

Основна дејност на Претпријатието претставува создавање и емитување на радио и ТВ програми, создавње и емитување посебни програми за информирање и зачувување на културните и историските традиции за унапредување на врските со иселениците, создавање и промет на радио-телевизиски емисии, набавки на опрема, репродукционен и друг материјал за сопствени потреби.

Со статутарна Одлука објавена во Сл. Весник бр. 51 од 05.04.2013 година изменет е насловот на статутот и членот 3 во став 1 и наместо зборовите ЈРП Македонска радиотелевизија стои Јавно радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија.

ЈРП МРТ е со седиште во Скопје на бул. ″Гоце Делчев″ бр 18.

На 26.12.2013 година донесен е Закон за аудио и аудиовизуелни услуги кој со денот на стапување на сила (02.01.2014г) го заменува законот за радиодифузната дејност Сл.в. бр. 100/2005год.72/2013год. Согласно овој закон раководењето и управувањето на МРТ ќе се одвива преку , Програмски совет на МРТ, Надзорен обор , Директор и Заменик на директорот на МРТ.

Програмскиот совет согласно Законот за аудио и аудиовизуелни услуги (сл. В. 184/013год ) составен е од 13 члена, а членовите ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на овластени предлагачи.

Надзорот на материјално- финансиското работење на МРТ го врши Надзорниот одбор на МРТ кој е составен од 7 члена .

Директорот на МРТ раководи со работењето на МРТ и ја застапува и претставува МРТ. Директорот има заменик.

## 2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на Претпријатието се составени во согласност со Законот за трговските друштва и пропратната сметководствена регулатива и сметководствените принципи кои се применуваат во практиката. Согласно Законот за трговските друштва, како веродостојни сметководствени стандарди кои важат во Република Македонија се пропишани Меѓународните стандарди за финансиско известување усвоени во Република Македонија, така што друштвата се должни да ја изготвуваат годишна сметка во согласност со овие стандарди.

При составување на финансиските извештаи за целите на овој извештај, годишната сметка на Претпријатието е рекласифицирана, така што содржината и формата на прикажување се променети според начинот на прикажување по Меѓународни стандарди за финансиско известување усвоени во Република Македонија.

Претпријатието изготвува консолидирани финансиски извештаи за 2014 година кои се состојат од финансиските извештаи на ЈП МРТ како матично друштво и извештаите на „Аргус” ДООЕЛ, „Сцена” ДООЕЛ и на „База” ДООЕЛ како подружници.

Извештајна валута во билансите и белешките кон финансиските извештаи е македонскиот денар, а износите во табелите и текстот се прикажани во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено..

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвувањето на финансиските извештаи за известувачката фискална година се прикажани во понатамошниот текст.

### 3.1 Парични средства и еквиваленти на парични средства

За потребите на прикажувањата во Извештајот за паричните текови, паричните средства и паричните еквиваленти вклучуваат готовина во благајна, чекови, паричните средства на жиро сметките и девизните средства на девизните сметки кај комерцијалните банки.

Извештајот за паричните текови е изработен со примена на индиректната метода.

### 3.2 Побарувања

Побарувањата се водат според нивната набавна (номинална) вредност. Во билансот на состојба тие се искажуваат според нивната нето реализациона вредност, која се добива откако ќе се изврши исправка на вредноста или отпис на неквалитетните и тешко наплативи побарувања. Исправката на вредноста и/или отписот на побарувањата се врши на товар на расходите за периодот.

### 3.3 Залихи

Залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар се водат по набавни цени. Ситниот инвентар се отпишува 100% при ставањето во употреба.

Трговските стоки се водат по набавни цени со примена на методата на просечни набавни цени. Во билансот на состојба залихите на трговски стоки се искажани по пониската од набавната и нето реализациона вредност. Намалувањето на вредноста на залихите се спроведува на товар на расходите во периодот.

### 3.4 Материјални и нематеријални вложувања

Материјалните и нематеријалните вложувања (постојаните средства) во билансот на состојба се искажуваат според нивниот сметководствен износ кој ја претставува нивната набавна вредност намалена за исправката на вредноста (акумулираната амортизација) и загубите за оштетување. Во моментот на стекнувањето (набавката), постојаните средства се евидентираат според нивната набавна вредност, која се состои од фактурната вредност на средството зголемена за зависните трошоци (транспорт, монтажа, царини и неповратни даноци и други давачки непосредно поврзани со набавката).

Последователно, постојаните средства се признаваат според нивната сметководствена вредност. Постојаните средства не се ревалоризираат.

Дополнителните трошоци (освен трошоците за редовно одржување) настанати во врска со постојаните средства се капитализираат само ако значајно го зголемуваат векот на траење на средството и/или неговата употребна вредност.

### 3.5 Амортизација

Материјалните и нематеријалните вложувања (постојаните средства) се амортизираат со примена на пропорционалната метода, така што набавната вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства. Како амортизациони стапки Претпријатието ги применува пропишаните стапки со Номенклатурата на средствата за амортизација. Пресметката на амортизацијата се врши поединечно (не по групи на средства) за секое средство.

Амортизација на основните средства се пресметува по следните стапки на амортизација:

| Назив на средството | Год. стапка |
|---|---|
| Градежни објекти | 2,5 -10% |
| Погонски и деловен инвентар | 10% |
| Мебел и деловен инвентар | 20% |
| Компјутерска опрема со софтвер | 25% |
| Телекомуникациска опрема и моторни возила | 25% |
| Долгорочни нематеријални средства | 20% |

### 3.6 Капитал и резерви

Основната главнина на јавното претпријатие претставува државен капитал, а како единствен основач на претпријатието се јавува Собранието на РМ.

Резервите претставуваат неноминиран капитал кој се формира со распределба од остварената добивка. Акумулираната добивка е неноминиран капитал врз основа на нераспоредена добивка од минати периоди. Акумулираната загуба настаната врз основа на загубите од минати периоди претставува одбивна ставка на капиталот.

### 3.7 Признавање на приходи

Согласно член 105 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги МРТ се финансира од радиодифузната такса, приходи од маркетинг, спонзорства, донации, продажба на програма и услуги и од средства обезбедени во буџетот на РМ за тековната година.

Приходот од РДТ и останатите приходи се водат на пресметковна основа.

Радиодифузната такса е јавна давачка. Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни услуги (сл.в.184 /2013год.), делот од наплатената радиодифузна такса кој се однесува за МРТ изнесува 74,5%. за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко - технолошки развој.

Останатите приходи од деловното работење се признаваат врз сметководствената основа на фактурирана реализација.

### 3.8 Признавање на расходи

Расходите се признаваат доколку е веројатно дека Друштвото има сегашна обврска , кога е веројатно дека ќе настанат одливи на економски користи и кога истите можат веродостојно да се измерат.

### 3.9 Трошоци и приходи на финансирање

Трошоците и приходите на финансирање (камати и курсни разлики) се признаваат како трошок/приход во моментот на нивното настанување.

### 3.10 Трошоци за истражување и развој

Трошоците за истражување се трошоци на периодот а трошоците за развој се капитализираат како нематеријално средство.

### 3.11 Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари според официјалниот курс на Народна банка на Република Македонија кој важи на денот на трансакцијата.

Девизните средства и обврски во билансот на состојба се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на билансот.

Нето позитивните и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претварањето на износите во странска валута, се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат.

Девизните курсеви на странските валути (за една единица странска валута), на 31 декември изнесуваат како што следува:

| Валута | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| ЕУР | 61,4814 | 61,5000 |
| УСД | 50,5604 | 46,6510 |
| ЦХФ | 51,1152 | 50,9106 |

## 3.12 Даноци и придонеси

Претпријатието пресметува даноци и придонеси по различни основи и видови според важечките прописи.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за данок на додадена вредност, радиодифузната такса се ослободени од ДДВ без право на одбиток на влезниот ДДВ. Останатите услуги и производи на претпријатието се предмет на ДДВ. Прептријатието е даночен обврзник и го пресметува и плаќа данокот на додадена вредност на месечна основа.

Данокот од добивка во износ од 10% се пресметува на остварената добивка зголемена за непризнаените трошоци искажани во даночниот биланс.

## Белешка 4

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Приходи од продажба** | **865.453** | **944.290** |
| *ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА НЕПОВРЗАНИ ДРУШТВА* | | |
| Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата | 4.593 | 4.419 |
| Приходи од продажба на добра (производи, стоки) и услуги во странство | 1.466 | 2.061 |
| Приходи од наемнини | 866 | 920 |
| Останати приходи од продажба на неповрзани друштва | 858.528 | 936.890 |

Основен извор на финансирање на МРТ е приходот по основ на побарувања од радиодифуна такса. Во 2014 година приходот по овој основ изнесува 858.528 илјади денари.

Со измените на Законот за радиодифузнадејност објавени во сл.в. на Р.Мбр.145/10 работите во врска со пресметувањето , утврдувањето и наплатата на радиодифузната такса во име и за сметка ги врши УЈП.

УЈП врз основа наподатоците од од регистерот на обврзници на радиодифузна такса го утврдува месечниот износ на радиодифузната такса . Обврзниците се должни најкасно до 15-ти наредниот месец да ја платат РДТ, во спротивно за секое задоцнување ќе треба да платат камата на дневна основа утврдена со закон.

Водењето и ажурирањто на регистерот на обврзници е обврска на МРТ.

Средствата од наплатената РДТ согласно законот за радиодифузната дејност се распоредуваат на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| УЈП | 3% | 6,00 |
| ЈРП МРТ | 72,5% | 133,00 |
| ЈП МРТ | 4,5% | 8,00 |
| МРД | 16% | 30,00 |
| МРД | 3,5% | 6,00 |
| СРД | 4% | 7,00 |
| **Вкупно** | | **190,00** |

Согласно член 140 од Законот за аудио и аудиовизуелни услуги Сл.в. 184/2013 наплатените средствата од РДТ, почнувајќи од 03.01.2014 година се распределуваат на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| УЈП (од вкупен износ) | 3% | 6,00 |
| ЈП МРТ (од износ намален за провизија на УЈП) | 74,5% | 137,00 |
| МРД “ | 19,5% | 36,00 |
| СРД “ | 6% | 11,00 |
| **Вкупно** | | **190,00** |

## Белешка 5

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Расходи на продадени добра и услуги** | **-** | **-** |

## Белешка 6

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Трошоци на продажба и администрација** | **(947.638)** | **(997.684)** |
| *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР* | | |
| Трошоци за суровини и материјали (за производство) | (2.550) | (66.241) |
| Трошоци за материјали (за администрација, управа и продажба) | (1.488) | (1.446) |
| Трошоци за енергија (за администрација, управа и продажба) | (30.647) | (36.699) |
| Трошоци за резервни делови и материјали за одржување (за администрација, управа и продажба) | - | (20) |
| Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за администрација, управа и продажба) | (281) | (681) |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | | |
| Транспортни услуги | (696) | (521) |
| Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | (19.709) | (18.639) |
| Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги | - | (5.905) |
| Услуги за одржување и заштита | (14.046) | (30.237) |
| Наем - лизинг | (4.834) | (13.266) |
| Комунални услуги | (4.555) | (4.992) |
| Останати услуги | (2.365) | (2.313) |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | | |
| Плата и надоместоци на плата - бруто (за администрација, управа и продажба) | (349.245) | (327.086) |
| Останати трошоци за вработените | (1.037) | (931) |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА И РЕЗЕРВИРАЊА | | |
| Трошоци за амортизација (за администрација, управа и продажба) | (66.819) | (45.106) |
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | | |
| Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | (9.230) | (10.368) |
| Надоместоци на трошоци на вработените и подароци | (5.325) | (7.123) |
| Трошоци за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители | (2.458) | (2.598) |
| Трошоци за спонзорства и донации | (216) | - |
| Трошоци за репрезентација | (824) | (945) |
| Трошоци за осигурување | (2.004) | (1.427) |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | (1.453) | (1.364) |
| Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | (22.365) | (21.334) |
| Трошоци за користење на права (освен наем) | (202.865) | (235.395) |
| Останати трошоци на работењето | (202.626) | (163.047) |

## Белешка 7

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Останати приходи** | **450.283** | **574.410** |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврските | 11.358 | 22.337 |
| Приходи од премии, субвенции, дотации и донации | 384.753 | 241.435 |
| Останати приходи од работењето | 54.172 | 310.638 |

Во приходи од премии, субвенции, дотации и донации спаѓаат приходите за финансиска подршка за тековно работење по Одлуки на Влада на Р.М. (240.000 илјади денари), приходите за подршка на македонската музика од Министерството за култура (5.962 илјада денари), приходи од субвенции по договори за јавни набавки - гратис телефони, комјутери и сл. (634 илјади денари), приходи за финансиска подршка за проектот за дигитализација на опремата (55.000 илјади денари од Влада на Р.М и 82.093 илјади денари од АЕК по договор бр. 03-5373/1).

## ДРЖАВНА ПОДРШКА

Владата на Р.М. врз основа на донесени одлуки во текот на 2014година има префрлено средства на МРТ во износ од 240.000 илјади денари како финансиска подршка . Наведените средства МРТ ги има искористено на следниот начин:

| | |
|---|---|
| Сателит | 81.273 |
| Надомест за дописници во странство | 4.191 |
| Мало авторско право | 11.654 |
| Електрична енергија | 10.387 |
| Обезбедување и хигиена | 8.575 |
| Топлотна енергија | 16.829 |
| Потрошена вода | 3.690 |
| Телефонски трошоци | 2.716 |
| Бруто плата | 80.685 |
| **Вкупно** | **240.000** |

Во Останати приходи од работењето (54.172 илјади денари) поголем дел заземаат следните приходи: приходи по основ на продажба на рекламно време и спонзорства 49.218 илјади денари, приходи од отпишани обврски, од дополнително утврдени приходи од предходни години во износ од 4.599 илјади денари .

Донациите што МРТ ги има добиено во материјални средства , како приход ги има евидентирано во висина на евидентираниот трошок во 2014 година (за основните средства во висина на пресметаната амортизација).

## Белешка 7.1

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Останати оперативни расходи** | **(282.316)** | **(428.641)** |
| Кусоци, кало, растур, расипување и кршење | (162) | (807) |
| Расходи врз основа на директен отпис на побарувања | (79.099) | (418) |
| Казни, пенали, надоместоци за штети и друго | (224) | (4.629) |
| Останати расходи од работењето | (16.220) | (27.542) |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на краткорочни побарувања | (186.611) | (395.102) |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на залихи | - | (134) |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на останати средства | - | (9) |

Износот на салдото Вредносно усогласување во 2014 година е резултат на вредносното усогласување на побарувањата по основ на Решенијата за Радиодифузна такса издадени во 2013 година кои не се наплатени во износ од 184.463 илјади денари. Останатиот износ од 2.148 илјади денари е вредносно усогласување на побарувања по други основи (побарувања за тв реклами и побарувања од вработени).

| | |
|---|---|
| ПРИХОДИ 2013 | 936.890.453 |
| | |
| НАПЛАТЕНА РДТ ВО 2013 за 2013 | 488.650.998 |
| НАПЛАТЕНА РДТ ВО 2014 за 2013 | 184.686.033 |
| ОТПИС ПО ОДЛИКА НА УО 2014 | 79.090.753 |
| **ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ ЗА 2013** | **184.462.669** |

## Белешка 8

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Финансиски приходи** | **10.600** | **9.132** |
| Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва | 6.488 | 2.902 |
| Приходи врз основа на позитивни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | 4.112 | 6.230 |

## Белешка 8.1

*(во илјади денари)*

| **Финансиски расходи** | **2014** | **2013** |
|---|---|---|
| | **(47.872)** | **(30.139)** |
| Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва | (43.536) | (16.624) |
| Расходи врз основа на негативни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва | (4.336) | (13.515) |

## Белешка 9.1
## Нематеријални средства

*(во илјади денари)*

| **2013** | **Лиценци и права** |
|---|---|
| **Набавна вредност** | |
| Состојба на 1.1. | 119 |
| Набавки во текот на годината | - |
| Отуѓување | - |
| Состојба на 31.12. | **119** |
| **Исправка на вредноста** | |
| Состојба на 1.1. | (119) |
| Амортизација за тековна година | - |
| Отуѓување | - |
| Состојба на 31.12. | **(119)** |
| **Сегашна вредност 31.12.** | **-** |

| **2014** | **Лиценци и права** |
|---|---|
| **Набавна вредност** | |
| Состојба на 1.1. | 119 |
| Набавки во текот на годината | - |
| Отуѓување | - |
| Состојба на 31.12. | **119** |
| **Исправка на вредноста** | |
| Состојба на 1.1. | (119) |
| Амортизација за тековна година | - |
| Отуѓување | - |
| Состојба на 31.12. | **(119)** |
| **Сегашна вредност 31.12.** | **-** |

## Белешка 9.2

## Материјални средства

*(во илјади денари)*

| 2013 | 010 Земјишта | 011 Градежни објекти | 012 Постројки и опрема | 013 Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства | 016 Материјални средства во подготовка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| Состојба на 1.1. | 168.986 | 476.659 | 523.360 | 118.335 | 36.058 | 1.323.398 |
| Набавки во текот на годината | - | 15.000 | 282.243 | 30.143 | - | 327.386 |
| Отуѓување/Расходување | - | - | (31.598) | (9.373) | - | (40.971) |
| Состојба на 31.12. | **168.986** | **491.659** | **774.005** | **139.105** | **36.058** | **1.609.813** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| Состојба на 1.1. | | (272.344) | (390.009) | (107.538) | | (769.891) |
| Амортизација за тековна година | | (11.889) | (28.399) | (4.818) | | (45.106) |
| Отуѓување/Расходување | | - | 31.598 | 8.566 | | 40.164 |
| Состојба на 31.12. | | **(284.233)** | **(386.810)** | **(103.790)** | | **(774.833)** |
| **Сегашна вредност 31.12.** | **168.986** | **207.426** | **387.195** | **35.315** | **36.058** | **834.980** |

| 2014 | Земјишта | Градежни објекти | Постројки и опрема | Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства | Материјални средства во подготовка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| Состојба на 1.1. | 168.986 | 491.659 | 774.005 | 139.105 | 36.058 | 1.609.813 |
| Набавки во текот на годината | - | - | 10.638 | 4.980 | - | 15.618 |
| Отуѓување/Расходување | - | - | (76.146) | (5.456) | - | (81.602) |
| Состојба на 31.12. | **168.986** | **491.659** | **708.497** | **138.629** | **36.058** | **1.543.829** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| Состојба на 1.1. | | (284.233) | (386.810) | (103.790) | | (774.833) |
| Амортизација за тековна година | | (12.176) | (43.942) | (11.597) | | (67.715) |
| Отуѓување/Расходување | | - | 75.985 | 5.456 | | 81.441 |
| Состојба на 31.12. | | **(296.409)** | **(354.767)** | **(109.931)** | | **(761.107)** |
| **Сегашна вредност 31.12.** | **168.986** | **195.250** | **353.730** | **28.698** | **36.058** | **782.722** |

Градежното земјиште е со вкупна сметководствена вредност од 168.986 илјади денари. Градежното земјиште е во сопственост на РМ додека ЈП МРТ има право на користење на истото.

## Белешка 9.3

*(во илјади денари)*

## Вложувања во недвижности

| **2013** | **недвижности** |
|---|---|
| **Сегашна вредност 31.12.** | **-** |

| **2014** | **недвижности** |
|---|---|
| **Сегашна вредност 31.12.** | **-** |

## Белешка 9.4

*(во илјади денари)*

| | **2014** | **2013** |
|---|---|---|
| **Долгорочни финансиски средства** | **1.009** | **1.009** |
| Вложувања во подружница | 919 | 919 |
| Финансиски средства според објективна вредност преку добивката или загубата | 78 | - |
| Останати долгорочни финансиски средства | 12 | 90 |

ЈП Македонска радио телевизија на 23.11.2004 година има донесено Одлука за основање на трговските друштва Аргус ДООЕЛ, ТВ Сцена ДООЕЛ и База ДООЕЛ и се јавува како 100% сопственик на истите. Основните главнини на друштвата изнесуваат 5000 евра во денарска против вредност.

Вложувања во хартии од вредност се вложувања по основ на побарувања кои се претворени во хартии од вредност во фирми загубари. Вредноста на акциите се води по нивната набавна вредност која се сведува според средниот курс на НБРМ на 31.12.2014.

## Белешка 9.5

*(во илјади денари)*

| | **2014** | **2013** |
|---|---|---|
| **Долгорочни побарувања** | **-** | **-** |

## Белешка 9.6

*(во илјади денари)*

| | **2014** | **2013** |
|---|---|---|
| **Одложени даночни средства** | **-** | **-** |

## Белешка 10.1

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Залихи** | **10.658** | **9.891** |
| ЗАЛИХА НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | | |
| Суровини и материјали на залиха | 10.345 | 10.779 |
| Вредносно усогласување на залихите на суровини и материјали | (4.434) | (4.434) |
| ЗАЛИХА НА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ | | |
| Залиха на резервни делови | 474 | 475 |
| Вредносно усогласување на залихата на резервни делови | (445) | (445) |
| ЗАЛИХА НА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ | | |
| Ситен инвентар на залиха | 449 | 582 |
| Ситен инвентар во употреба | 7.017 | 8.404 |
| Залиха на автогуми | 15 | 63 |
| Автогуми во употреба | - | 73 |
| Вредносно усогласување на залихи на ситен инвентар, амбалажа и автогуми | (7.075) | (8.534) |
| ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ | | |
| Производи на залиха | 4.783 | 4.783 |
| Залихи на некурентни производи и отпадоци | (24) | (24) |
| Вредносно усогласување на залихите на готовите производи | (4.230) | (4.230) |
| СТОКИ | | |
| Стоки на залиха | 3.783 | 2.399 |

## Белешка 10.2

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Нетековни средства кои се чуваат за продажба и прекинато работење** | **-** | **-** |

## Белешка 10.3

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Побарувања од поврзани друштва** | **5.724** | **6.555** |
| Побарувања од поврзани друштва врз основа на продажба на добра и услуги во земјата | 5.267 | 5.267 |
| Побарувања од поврзани друштва за аванси, депозити и кауции во земјата | 457 | 1.288 |

## Белешка 10.4

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Побарувања од купувачите** | **779.644** | **776.900** |
| Побарувања од купувачи во земјата | 1.672.378 | 1.517.118 |
| Побарувања од купувачи во странство | 42.043 | 39.951 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции во земјата | 2.042 | 2.398 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции во странство | 14.296 | 12.386 |
| Спорни и сомнителни побарувања | 16.879 | - |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачи | (967.994) | (794.953) |

Најзначаен дел од побарувањата се побарувањата по основ на радиодифузна такса. Износот е намален за вредносно усогласување. До 2013 година вредносното усогласување на РДТ се одразува како директен трошок, а согласно законот за данок на добивка беше основа за пресметка на 10% данок на добивка на непризнаени трошоци.

Во 2014 година вредносното усогласување на побарувањата од РДТ ќе се одрази како директен трошок, а согласно новиот закон за данок на добивка сл. в. 112/2014 година вредносното усогласување на побарувањата по основ на РДТ се признат трошок за целите на данокот на добивка.

*(во илјади денари)*

| Старосна структура на побарувања од купувачите | до 1 година | од 1 до 3 години | над 3 години | Вкупно | Недоспеани | Се Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Побарувања од купувачите во земјата | 11.642 | 1.198 | 1.093 | 13.934 | 4.216 | 18.150 |
| Тужени побарувања во земјата | - | 20.003 | 36.677 | 56.680 | - | 56.680 |
| Побарувања од купувачите во странство | 701 | 1.088 | 39.583 | 41.372 | 671 | 42.043 |
| Побарувања за РДТ 74,5% | 1.597.548 | - | - | 1.597.548 | - | 1.597.548 |

## Белешка 10.5

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Обврски / побарувања кон државата** | **(169.626)** | **(97.335)** |
| Обврски кон државата | **(169.731)** | **(97.440)** |
| Обврски за данокот на додадена вредност | (63.175) | (10.970) |
| Обврски за данок на добивка, данок на вкупен приход и данок на приход платен на странско правно лице (задржан данок) | (22.227) | (76.928) |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плата | (9.586) | (9.486) |
| Обврски за персонален данок на доход | (882) | (56) |
| Обврски за данок на непризнати расходи и помалку искажани приходи | (73.861) | - |
| Побарувања од државата | **105** | **105** |
| Данок на додадена вредност | 105 | 105 |

## Белешка 10.6

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| | *(во илјади денари)* | |
| **Побарувања од вработените** | **439** | **3.239** |
| Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања | 815 | 2.158 |
| Останати побарувања од вработените | 5.539 | 5.672 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од вработените | (5.915) | (4.591) |

## Белешка 10.7

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| | *(во илјади денари)* | |
| **Останати краткорочни побарувања** | **15.332** | **10.277** |
| Останати побарувања | 18.898 | 13.844 |
| Вредносно усогласување на останати побарувања | (3.566) | (3.567) |

Во останати побарувања најголем дел (10.339 илјади денари) се поддршка на македонската музика од Министерството за култура.

## Белешка 10.8

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| | *(во илјади денари)* | |
| **Краткорочни финансиски средства** | **-** | **-** |

## Белешка 10.9

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| | *(во илјади денари)* | |
| **Парични средства** | **7.734** | **74.077** |
| Парични средства на трансакциски сметки во денари | 6.525 | 71.938 |
| Парични средства во благајна | 80 | 433 |
| Девизни сметки | 428 | 1.275 |
| Парични средства во благајна во странска валута | 7 | 7 |
| Останати парични средства | 694 | 424 |

Паричните средства наведени во горниот преглед се најликвидните средства на претпријатието и тие се состојат од парите во благајна, парите на жиро сметката и девизните средства на девизните сметки.

Претпријатието нема ограничување во поглед на непречено користење на паричните средства на сметките во комерцијалните банки.

## Белешка 10.10

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Однапред платени трошоци** | **161.423** | **160.931** |
| Однапред платени трошоци | 146.025 | 124.420 |
| Останати однапред платени трошоци и пресметани приходи | 15.398 | 36.511 |

Активните временски разграничувања по основ на однпред платени трошоци се однесуваат на однапред пресметана камата по склучена спогодба и договори на одложено плакање со Комерцијална банка, ЈП Аеродромски услуги, Министерство за финансии (Париски и лондонски клуб).

Активни временски разграничувања по основ на останати однапред пресметани трошоци и пресметани приходи произлегуваат од фактури од странство за откуп на права (УЕФА Швајцарија, Лига на шампиони, Лига на Европа, ЕБУ, СП фудбал 2018 и квалификации за ЕП фудбал 2016-2018, Членарина за 2015 кон ЕБУ).

## Белешка 11.1

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Долгорочни резервирања** | **-** | **-** |

## Белешка 11.2

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Долгорочни обврски** | **(586.555)** | **(552.364)** |
| Долгорочни обврски спрема добавувачи во земјата | (54.722) | (38.477) |
| Долгорочни обврски спрема добавувачи од странство | (25.140) | (38.809) |
| Долгорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и странство | (506.693) | (425.717) |
| Останати долгорочни обврски и останати финансиски долгорочни обврски | - | (49.361) |

Долгорочни обврски спрема добавувачи во земјата во износ од 54.722 илјади денари се обврски спрема ЈП Водовод и канализација, со кој МРТ има склучено Договор бр.03-6172/1 за плаќање на 144 рати и долгорочни обврски по спогодба бр.03-5702/1 со Комерцијална Банка за одстапени побарувања од Снабдување Центар.

Долгорочни обврски спрема добавувачи во странство се обврски спрема ЕБУ (European Broadcasting Union), кои произлегуваат од неплаќани обврски до 2011 година.

Значајниот износ на Долгорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и странство (506.693 илјади денари) се однесува на следните настани:

- Земен кредит од Комерцијална банка на 27.11.2012 (150.000 илјади денари). За земениот кредит ЈРП МРТ има доставено до Банката:

  * Залог на недвижен имот: Деловен објект на Кеј Димитар Влахов бб Скопје на КП 12229, зграда 1 и 2 со вкупна површина од 9283 м2 со право на сопственост на ЈРП МРТ Скопје врз основа на Имотен лист број 9157 КО Центар 1;

  * Залог на подвижен имот: Комплетен систем за греење и ладење во деловниот објект на Кеј Димитар Влахов бб Скопје, сопственост на ЈРП МРТ Скопје врз основа на сопственичка изјава,

  чија вредност го покрива одобрениот износ на кредити, гаранции и друг вид на кредитни изложености, со камати и останати трошоци.

- Потпишан договор за регулирање на финансиските обврски на МРТ спрема Аеродроми на Македонија согласно Пресуда бр.5 ТС-121/10 од 25.11.2011 година, (159.094 илјади денари)

- Потпишан Договор за регулирање на вкупното достасано побарување на Министерството за финансии по основ на користени кредити од Парискиот и Лондонскиот клуб на доверители - Во 2014 година согласно Правилникот за начинот и постапката на наплата на побарувањата во билансот на Агенција на Република Македонија за управување со средства од фондовите и јавните претпријатија се потпиша договор обврските по основ на кредитите од Лондонски и Париски клуб како и каматите и банкарските надоместоци во вкупен износ од 163.840 илјади денари МРТ да ги отплатува на рати во текот на осум години по истекот на грејс периодот во траење од три години.

- Камати врз основа на долгорочни кредити од земјата (КБ, АД Аеродроми и МФ).

## Белешка 11.3

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Одложени даночни обврски** | - | - |

## Белешка 12.1

*(во илјади денари)*

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Обврски кон поврзани друштва** | **(1.097)** | **(577)** |
| Обврски од поврзани друштва врз основа на набавка на добра и у | (1.097) | (577) |

## Белешка 12.2

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| | *(во илјади денари)* | |
| **Обврски кон добавувачите** | **(540.678)** | **(691.627)** |
| Обврски спрема добавувачи во земјата | (337.401) | (393.983) |
| Обврски спрема добавувачи од странство | (202.486) | (297.554) |
| Обврски за примени аванси, депозити и кауции во земјата | (718) | (17) |
| Обврски за примени аванси, депозити и кауции од странство | (73) | (73) |

## Белешка 12.3

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| | *(во илјади денари)* | |
| **Обврски кон вработените** | **(23.208)** | **(21.352)** |
| Обврски за плата и надоместоци на плата | (19.838) | (19.655) |
| Обврски за надоместоци на трошоците на вработените | (416) | - |
| Останати обврски спрема вработените | (2.954) | (1.697) |

## Белешка 12.4

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| | *(во илјади денари)* | |
| **Останати краткорочни обврски** | **(11.595)** | **(3.984)** |
| Обврски за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители | (380) | (136) |
| Обврски спрема вршители на дејност и други физички лица | (11.085) | (3.696) |
| Останати краткорочни обврски | (130) | (152) |

## Белешка 12.5

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| | *(во илјади денари)* | |
| **Краткорочни финансиски обврски** | **(76.583)** | **(166.614)** |
| Краткорочни кредити и заеми во земјата | (62.735) | (54.334) |
| Краткорочни кредити и заеми од странство | (13.848) | (112.280) |

Салдото од 62.735 илјади денари на конто Краткорочни кредити и заеми се однесува на:

- краткорочниот дел на кредитот од Комерцијална Банка и каматата по истиот и
- краткорочниот дел на кредитот од АД Аеродроми и каматата по истиот.

Износот од 13.848 илјади денари Краткорочни кредити и заеми од странство е каматата од кредитот од Париски и Лондонски клуб.

## Белешка 12.6

| | *(во илјади денари)* | |
|---|---|---|
| | **2014** | **2013** |
| **Однапред пресметани обврски** | **(13.927)** | **(44.535)** |
| Пресметани приходи за идни периоди | (13.927) | (44.535) |

Пресметани приходи за идни периоди во најголем дел (10.339 илјади денари) се поддршка на македонската музика од Министерството за култура.

# Белешка 13

## Преглед на тужени предмети

**ЈРП МРТ е тужител**

| | Тужен | Мислење | Износ во судски предмет |
|---|---|---|---|
| 1 | **МРД** | Предметот е во второстепена постапка во Апелационен суд, пресудата во првостепената постапка е во корист на МРТ. Предметот е за наплата на комуналии. | 5.625 илјади денари |
| 2 | **ТОМАТО** | Предметот е во фаза на главна расправа. Се очекува позитивен исход и усвојување на тужбеното барање. | 6.540 илјади денари |

**ЈРП МРТ е тужена страна**

| | Тужител | Мислење | Износ во судски предмет |
|---|---|---|---|
| 3 | **ТСЕ** | Предметот е во постапка на ревизија, а во моментот е донесена правосилна извршна одлука со која се утврдува налог за извршување. Предметот е неактивен, и е во третостепена постапка пред Врховниот суд на Р. Македонија. Во постапката по ревизијата постои можност предметот повторно да се активира, но во дадениот момент не е активен бидејќи имаат извршно решение и одлука во спорот. | 48.053 илјади денари |
| 4 | **МРД** | Спорни обврски за извршени линковски преноси и од програмски карактер, а не само од комерцијален карактер. Постапката е во тек. За предметот има пресуда и МРТ има поднесено жалба на пресудата. | 11.937 илјади денари |
| 5 | **Македонска пошта** | Спорот ќе трае, моментално е во постапка на склучување на вонсудска спогодба. Долгот изнесува 6.300 ијади денари и за тој долг ќе се договори вонсудска спогодба. За предмет од 1.000 илјади денари има фактура стасана после отпочнувањето на предметот каде двете страни го заклучиле долгот до 31/12/2010, а наведената фактура ја нема во овој предмет. | 6.300 илјади денари |
| 6 | **ДИРЕКТ МЕДИА** | Направена е спогодба за плаќање на обврската на 7 рати. (Спогодбата е склучена во февруари 2014 г.) | 5.836 илјади денари |
| 7 | **Организација ММИ** | Во првостепената постапка е донесена пресуда при што по поднесена жалба предметот е во второстепена постапка. Постојат потенцијални идни обврски за исплата на долгот. Износот не е прикажан во сметководство бидејќи не ги признаваат фактурите на ММИ по основ на немање на склучен договор. | 8.378 илјади денари |
| 8 | **Организација ММИ** | За овој предмет е вложен приговор, добиено е решение за извршување врз основа на веродостојна исправа. | 23.565 илјади денари |
| 9 | **ЕЛЕКТРАНИ НА Р МАКЕДОНИЈА** | Покана за подготвително рочиште, по поднесен приговор од МРТ. Во тек е судска постапка, го должат сметководствено износот, пуштено е барање преку суд да одобрат 60 рати за плаќање и во наредните денови е закажано рочиште, ЕВН го отстапило долгот на Електрани за тие да го наплатат долгот. Спогодбата меѓу ЕВН и Електрани е склучена во 2011 година и спогодбата со МТВ е склучена во истата година; ниту една рата не платиле. | 11.000 илјади денари |
| 10 | **ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА** | Направен е договор за исплата на рати, од тој износ останат е спорен износ од 653.000 денари, за неспорниот износ направен е солемнизиран договор и во однос на тој износ немаат повеќе долг. Повлечено е за износот од 10.094.196,оо ден, додека за износот од 653.042,5о денари постапката е во тек. | 10.747 илјади денари |

Севкупно се водат 90 предмети, во кои ЈРП МРТ е тужител во околу 40 предмети. Во евиденцијата има тужби во вкупен износ од 56.680 илјади денари во земјата и 37.656 илјади денари во странство. ЈРП МРТ е и тужена страна во повеќе предмети. Во приложената табела се дадени најзначајните предмети, во кои ЈРП МРТ се јавува како тужител, односно тужена страна.

## 14. ПРОМЕНА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И КОРЕКЦИИ НА ГРЕШКИ

Промена на сметководствените политики и корекции на грешки во 2014 година не се вршени.

## 15. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

Пазарен ризик

Друштвото не е изложено на високи пазарни ризици заради структурата на приходи. Главниот извор на приходи е радиодифузната такса, која како законска обврска не е зависна од пазарните текови. Приходите кои се зависни од пазарните текови се во значително помал износ, а и не се очекувани значајни промени на истите.

Валутен ризик постои на расходна страна кај набавките од странство, меѓутоа истиот е низок заради стабилниот курс на денарот. Радиодифузната такса се пресметува и наплатува во македонски денари, што го значително го намалува валутниот ризик на приходна страна.

Друштвото има заеми во повисок износ на кои се пресметува камата согласно договорните обврски. Не е увиден ризик од промена на овие каматни стапки.

Кредитен ризик

Друштвото ги оценува и евидентира сите ризични побарувања и за истите прави резервирања во истиот извештаен период. Преку резервирањата Друштвото се заштитува од кредитниот ризик. Друштвото нема дадено заеми.

Ликвидносен ризик

Ризикот на ликвидноста, друштвото го апсолвира со контрола на паричниот тек. Приходите од РДТ не соодветствуваат на наплатата на истата, а за тоа се преземаат мерки во соработка со наплатувачот на таксата (Управата за Јавни Приходи), со цел зголемување на наплатата. Дискрепанцата помеѓу пресметаното и наплатеното е очекувана и се зема предвид при планирањето на расходите. Истовремено, на ликвидносниот ризик влијае и санационата програма на Владата на РМ, согласно која Друштвото добива дотации и субвенции за надминување на проблемите со ликвидност. Не се очекува значајна негативна промена во наплатата на РДТ, а и земајќи го предвид статусот на Друштвото како јавен сервис, се констатира дека ликвидносниот ризик е низок.

## 16. НАСТАНИ ШТО СЕ СЛУЧИЛЕ ПО ДЕНОТ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

Во периодот по 31 декември 2014 година се случиле следните настани кои се обелоденуваат во финансиските извештаи:

Во второстепената судска постапка со ТСЕ, донесена е одлука во корист на ТСЕ. По завршувањето на второстепената постапка, даден е налог за извршување. Во 2015 година поведена е третостепена постапка пред Врховниот суд на Р.Македонија и поднесен е правен лек ревизија, при што постои можност случајот повторно да се активира.

**ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

**Скопје, Март 2015 година**

ВОВЕД

Македонската радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во РМ, односно, производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси.

Имено, својата основна дејност која опфаќа создавање на радио-телевизиски емисии и емитување на радио и ТВ програма во земјата, како и создавање и емитување на посебни програми за информирање на слушателите и гледачите во земјата, МРТ успешно ја реализира преку еден телевизиски и два радиопрограмски сервиси на македонски јазик, како и преку еден телевизиски и еден радиопрограмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

Што се однесува пак на информирањето на иселениците, а со цел зачувување на културните и историските традиции и унапредување на врските со македонските граѓани кои живеат во дијаспората, МРТ обезбедува посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици, посебни радио програми за иформирање на иселениците и граѓаните на РМ кои живеат во соседните земји, како и со емитување на програма со 24 часовно времетраење, МРТ обезбедува и најмалку еден радио и еден телевизиски програмски сервис преку сателит и/или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Своето работење МРТ го базира на производство и емитување на програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарната и играна програма како и програма со музичко - забавни содржини.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот на Собранието на РМ.

ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Македонската радио телевизија има статус на јавно претпријатие чиј основач е Собранието на РМ, и работи на начин и услови утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Органи на управување во МРТ се:

- Програмски совет – 13 члена со мандат од 5 години
- Надзорен одбор – 7 члена со мандат од 5 години
- Директор и заменик на директорот со мандат од 3 години.

Согласно член 117 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите на Програмскиот совет на МРТ ги именува и разрешува Собранието на РМ.
Согласно член 125 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите на Надзорниот одбор на МРТ ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс.
Согласно член 130 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот и заменикот на директорот на МРТ ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс и поднесена програма за работа на МРТ за период од три години со можност за повторен последователен избор.

ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА ВО ЈРП МРТ

Работата во јавното претпријатие Македонска радио телевизија се одвива според следната организациона структура:

- Директор и заменик на директорот
- Македонско радио
- Македонска телевизија
- Музичка продукција
- Заеднички функции и администрација


ЈРП Македонска радио телевизија
Директор и заменик на директорот
Сектор за поддршка на директорот и заменикот на директорот
Одделение за внатрешна ревизија
Одделение за заштита, безбедност и здравје при работа
Македонска телевизија
Директор на МТВ
Програмски служби
Сектор за ТВ продукција
Сектор за ТВ техника
Дописничка мрежа на МРТ
ПРВ Програмски сервис
ВТОР Програмски сервис
Сателитски сервис на МТВ 1
Сателитски сервис на МТВ 2
Собраниски сервис на МРТ
Македонско радио
Директор на МРА
Програмски служби
Сектор за РА продукција
ПРВ Програмски сервис
ВТОР Програмски сервис
ТРЕТ Програмски сервис
РА Програмски сервис преку сателит
Музичка продукција на МРТ
Директор на музичка продукција
Редакција за класична музика
Редакција за народна музика
Редакција за популарна музика
Заеднички функции и администрација
Директор на заеднички функции и администрација
Сектор за правни работи и човечки ресурси
Сектор за финансиско работење
Сектор за логистика
Сектор за маркетинг и промоција
Сектор за информатички технологии

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2014 година изнесува вкупно 852 лица што е зголемување за 6 лица или за 0,7% во однос на состојбата на 31.12.2013 година кога бројот на вработените изнесуваше 846 лица.

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2014 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ**

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2013 | 1 | 7 | 311 | 40 | 429 | 3 | 39 | 16 | 846 |
| 31.12.2014 | 0 | 17 | 310 | 39 | 430 | 1 | 38 | 17 | 852 |
| структура 31.12.2014 г.(%) | 0,0 | 2,0 | 36,4 | 4,6 | 50,5 | 0,1 | 4,5 | 2,0 | 100,0 |

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2014 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ**

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2013 | 623 | 135 | 37 | 27 | 9 | 4 | 4 | 4 | 3 | 846 |
| 31.12.2014 | 624 | 140 | 35 | 28 | 9 | 4 | 5 | 4 | 3 | 852 |
| структура 31.12.2014 г.(%) | 73,2 | 16,4 | 4,1 | 3,3 | 1,1 | 0,5 | 0,6 | 0,5 | 0,4 | 100,0 |

Во текот на 2014 година во МРТ се вработија вкупно 40 лица, и тоа: 21 новинар (1 м-р, 16 со ВСС и 4 со ССС); 1 режисер со ВСС; 1 аналитичар на податоци со ВСС; 3 асс.продуценти со ССС; 6 манипулативни работници ( 4 со ССС и 2 со НСС); 1 снимател на тон со ССС; 1 камерман со ССС; 2 техничари со ССС; 1 оператор на графички системи со ССС; 1 оператор на програма со ССС; 1 домаќин на студио со ССС; 1 монтажер со ССС .

Од вкупниот број на дојдени лица 30 се македонци, 8 се албанци, 1 е србин и 1 е бошњак.

Во текот на 2014 година од МРТ отидени се вкупно 34 лица, и тоа: 10 новинари (1 д-р во пензија, 5 со ВСС во пензија, 3 со ВСС на функција и 1 со ССС на функција); 3 стручни соработници ( 2 со ВСС со спогодбено раскинување на договорот за вработување и 1 со ССС во пензија); 5 техничари (2 со ССС во пензија, 1 ВКВ во пензија и 2 со ССС починати); 2 сниматели-камермани со ССС во пензија; 2 инжењери (1 со ВСС во пензија и 1 со ВСС со раскинување на договорот); 1 раководител на сектор со ВСС преку спогодба за вработување без јавен оглас; 1 снимател на тон со ССС во пензија; 1 музичар со ССС во пензија; 1 графички дизајнер со ССС во пензија; 1 лектор со ВСС во пензија; 1 продуцент со ССС со отказно решение; 1 пожарникар со ССС во пензија; 2 референти со ССС (1 во пензија и 1 со спогодбено раскинување на договорот); 1 секретар-асистент со ССС во пензија и 2 манипулативни работници со КВ и НСС во пензија.

Од вкупниот број на отидени лица 25 се македонци; 5 се албанци; 1 е турчин, 1 србин; 1 црногорец и 1 со ромска националност.

## БУЏЕТ НА ЈРП МРТ ВО 2014 ГОДИНА

### ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Во 2014 година ЈРП Македонска радио телевизија оствари вкупен приход по сите основи во износ од 1.326.335.743 денари.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, основен извор на средства за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис е приходот од радиодифузна такса.

Во 2014 година по основ на радиодифузна такса во МРТ е остварен вкупен фактуриран приход во износ од 858.528.442 денари кој зазема учество од 89,9% во вкупно планираните средства за РДТ. Наплатата пак, на вкупно фактурираните побарувања по истиот основ во текот на 2014 година изнесува 584.995.521 денари или 68,1%.

Други извори на финансирање на МРТ се следните:

Средства од Буџетот на РМ за финансиска подршка на работењето на МРТ остварени во износ од 240.000.000 денари кои имаат учество од 18,1% во вкупниот приход. Овие средства се остварени на исто ниво како и во 2013 година.

Приход од Маркетинг услуги – продажба на рекламно време кој е остварен во износ од 49.217.197 денари односно 3,7% од вкупниот остварен приход за 2014 година.

Приходите по основ на технички и други услуги (коментаторски позиции, ISDN линии) во земјата и странство се остварени во вкупен износ од 6.058.198 денари со реализација од 21,1% повисока од планираната за оваа намена и со учество од 0,4% во вкупниот остварен приход.

Останатите деловни приходи (приходи од камати, курсни разлики, отпишани обврски, приходи од минати години, донации и слично) кои беа планирани во вкупен износ од 25.000.000 денари остварени се во износ од 24.011.870 денари или 96,0% во однос на планот за оваа намена.

Приходот од Влада на РМ (55.000.000 денари) и од АЕК (42.093.255 денари) за финансиска поддршка за реализација на проектот за дигитализација на ТВ опремата во МРТ е остварен во вкупен износ од 97.093.255 денари или 75,9% во однос на планираните средства по овој основ. Учеството на овој приход во вкупните остварени приходи за 2014 година изнесува 7,3%.

Средствата кои во 2014 година МРТ ги доби од Министерството за култура за поддршка на македонската музика изнесуваат 5.961.700 денари (за првиот квартален конкурс), што е реализација од 18,6% на планираните средства за оваа намена и истите во вкупните остварени приходи за 2014 година учествуваат со 0,4 %. Согласно Законот за поддршка на македонската музика, во 2014 година објавени се уште три квартални конкурси од кои се склучени договори со изведувачите во износ 10.338.551 денари, а за што се пресметани однапред наплатени приходи.

Останати приходи и дополнително утврдени приходи од минати години се остварени во вкупен износ од  44.598.766 денари чие учество во вкупните остварени приходи изнесува 3,4%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ВО 2014 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварување 2013г | Планирани приходи за 2014г | Остварување 2014г | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Радидифузна такса | 936.890.453 | 955.000.000 | 858.528.442 | 91,6 | 89,9 | 64,7 |
| | | | | | | |
| Закупнини | 920.155 | 5.500.000 | 866.315 | 94,1 | 15,8 | 0,1 |
| | | | | | | |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 30.974.844 | 75.000.000 | 49.217.197 | 158,9 | 65,6 | 3,7 |
| | | | | | | |
| Приходи од Буџет на РМ за финансиска пддршка на МРТ | 240.000.000 | 125.089.000 | 240.000.000 | 100,0 | 191,9 | 18,1 |
| | | | | | | |
| Приходи од услуги во земјата | 4.418.793 | 2.500.000 | 4.592.502 | 103,9 | 183,7 | 0,3 |
| | | | | | | |
| Приходи од странство (технички услуги) | 2.061.357 | 2.500.000 | 1.465.696 | 71,1 | 58,6 | 0,1 |
| | | | | | | |
| Останати деловни приходи (прих.од камати,курсни разл.,отпиш.обврски,донации,пресмет.прих.,прих.од мин.год.) | 34.584.762 | 25.000.000 | 24.011.870 | 69,4 | 96,0 | 1,8 |
| | | | | | | |
| Средства од буџет за програма на посебните програми | - | 114.911.000 | - | - | 0,0 | 0,0 |
| | | | | | | |
| Приходи од Влада на РМ и АЕК за финансиска поддршка за реализација на процесот на дигитализација на ТВ опремата | - | 127.854.000 | 97.093.255 | - | 75,9 | 7,3 |
| | | | | | | |
| Дополнително утврдени приходи од претходни години | 115.441.666 | - | 4.598.766 | - | - | 0,3 |
| | | | | | | |
| Приходи од Министерство за култура за поддршка на македонската музика | - | 32.000.000 | 5.961.700 | - | 18,6 | 0,4 |
| | | | | | | |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 62.540.163 | - | - | - | - | - |
| | | | | | | |
| Останати приходи од работење | 100.000.000 | - | 40.000.000 | 40,0 | - | 3,0 |
| | | | | | | |
| **СЕ ВКУПНО:** | **1.527.832.193** | **1.465.354.000** | **1.326.335.743** | **86,8** | **90,5** | **100,0** |

## РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2014 ГОДИНА

### ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Движењето на расходните ставки во текот на 2014 година е во рамките на планираните т.е. (законски утврдените извори на финансирање) очекувани и остварени приходи во тековната година.

Од аспект на расходите во ЈРП МРТ по групи на трошоци, реализацијата од 97,8% во однос на планот се однесува на трошоци за вработените, потоа 79,1% за патни трошоци, 100,7% за заеднички трошоци, 70,1% за програмски права, 70,2 % за програмски трошоци, 99,3% за сателитски сегмент 58,6% за набавка на дигитални технички материјали и услуги и реализацијата од 69,4% се однесува на групата трошоци за инвестиции. Расходите во 2014 година изнесуваат вкупно 1.277.825.570 денари.




Сите групи на трошоци се реализирани во рамките на планираните износи освен во катерогијата на заеднички трошоци каде е евидентирано надминување во однос на планот за 2014 година и тоа во делот на ставките кои не можат да се предвидат со сигурност, какви што се на пример трошоците за банкарски услуги, дополнително утврдените расходи од минати години, камати од работење како и вредносно усогласување на краткорочни побарувања (вредносно усогласување на побарувањата по основ на РДТ). Трошоците за банкарски услуги се зголемени поради тоа што МРТ има отворено жиро сметки во шест банки се со цел да им излезе во пресрет на граѓаните т.е да им овозможи плаќање на пониски банкарски провизии при подмирување на обврската за РДТ. Надминувањето кое е евидентирано кај ставката камати од работење пред се произлегува од пресметани камати за судски спорови по обврски од минати години, а надминувањето кај ставката вредносно усогласување на краткорочни побарувања од купувачи во најголем дел произлегува од ненаплатена радиодифузна такса.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2014 ГОДИНА**

| РАСХОДИ | Остварување 2013г | Финансиски план 2014г | Остварување 2014г | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 334.399.034 | 363.550.000 | 355.558.912 | 106,3 | 97,8 |
| Патни трошоци | 11.151.909 | 9.430.000 | 7.461.039 | 66,9 | 79,1 |
| Заеднички трошоци | 604.235.383 | 462.749.000 | 465.871.348 | 77,1 | 100,7 |
| Програмски права | 106.471.941 | 168.750.000 | 118.227.405 | 111,0 | 70,1 |
| Програмски трошоци | 242.756.403 | 304.980.000 | 214.206.313 | 88,2 | 70,2 |
